( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основен суд
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Gjykata themelore
СПУ Бр. Број 13/24
10.09.2024 година
Кичево / Kërçovë

**До: Основен суд – Кичево**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Информации за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето регистрирани во периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година во судската статистика (Ве молам погледнете го документот во прилог на ова барање).

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

[redacted]

**Почитувани,**

**[redacted] спроведува регионална студија во која ја анализира законската рамка за спречување на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето, како и досегашните процесуирани случаи и начините на постапување на релевантните државни институции.**

**Во таа насока би Ве замолиле за информација по наведените точки во продолжение на ова барање.**

**Ви благодариме.**

**<u>Прашања за судови (кривични предмети)</u>**

Информации за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето регистрирани во периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година во судската статистика

- Број на пресудени случаи поврзани со дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето за периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Пол и возраст на жртвите;
- Пол и возраст на сторителите;
- Средства преку кои се проширени интимните фотографии и видеа и бројот на случаи за секој од средствата: социјални медиуми, апликации за приватни пораки, интернет страници за порнографија, други средства;
- Број на случаи каде немало претходна врска/познавање меѓу сторителот и жртвата;
- Број на случаи каде имало претходна врска/познавање меѓу сторителот и жртвата;
- Во однос на врската меѓу жртвата и сторителот, Ве молиме за информација за типот на врска (посочете го бројот на случаи поединечно за секој тип врска): поранешна интимна врска, моментална интимна врска, поранешна брачна заедница, моментална брачна заедница, историја на состаноци (излегување), живеење во исто соседство, други врски;
- Познати мотиви за пријавените случаи;
- Законска основа за донесување пресуда во случаите (посочете го членов од КЗ на РСМ и бројот на случаи за секој член): Дистрибуција на интимни

фотографии и видеа без согласност; Нарушување на приватноста на кореспонденцијата и на компјутерските бази на податоци, Недозволено фотографирање и снимање, Вознемирување, Демнење, Дистрибуција на порнографија, Семејно насилство, Уцена, Полово вознемирување, Принуда, Екторција, Сексторција, итн.

- Вид на изречена санкција од судот за секој случај;
- Отежнувачки или олеснителни околности за сторителите (на пример, сторителот бил бил вклучен во повеќе случаи);
- Вид на компензација пресудена во секој случај.
- Број на отфрлени случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Причини за отфрлање на случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност.

**<u>Прашања за судови (граѓански предмети)</u>**

Информации за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето регистрирани во периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 во судската статистика;

- Број на пресудени случаи поврзани со компензација на штета како резултат на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Законска основа во пресудените случаи (посочете го членот од КЗ на РСМ и бројот на случаи за секој член);
- Вид на побарувана штета, вклучувајќи материјална или нематеријална штета (физичко здравје, психичко здравје, углед, финансиска штета, итн.);
- Вид на штета утврдена од страна на судот во секој случај поединечно, вклучувајќи материјална и нематеријална штета (физичко здравје, психичко здравје, углед, финансиска штета, итн.);
- Вид на компензација пресудена во секој случај.
- Број на отфрлени случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за периодот 01.01.2022 до 09.09.2024 година;
- Причини за отфрлање на случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
GJYKATA THEMELORE KËRÇOVË

Булевар Ослободување бр.17, 6250, Кичево / тел: 045-223-565 / info@oskicevo.mk
Bulevard Osloboduvanje Nr.17, 6250, Kërçovë / tel. 045-223-565 / info@oskicevo.mk

СПИ.бр.13/2024QLI.nr.13/2024
10.09.2024 година / viti
К и ч е в о/ Kërçovë

[redacted]

ПРЕДМЕТ : Достава на известување од барани информаци.

Во врска со вашето барање бр.13/2024 од 10.09.2024 година, Во прилог на ова писмо, Ви го доставуваме известувањето од барани информаци.

Со почит.

Претседател на судот,
Fluturije Dervishi

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
GJYKATA THEMELORE KËRÇOVË

Булевар Ослободување бр.17, 6250 Кичево / тел. 045-223-565 / info@oskicevo.mk
Bulevard Osloboduvanje Nr. 17, 6250 Kërçovë / tel. 045-223-565 / info@oskicevo.mk

**СПИ.бр.13/2024 QLI.nr.13/2024**
10.09.2024 година / viti 2024
К и ч е в о/ Kërçovë.

[redacted]

ПРЕДМЕТ : Достава на известување од барани информаци.

Во врска со вашето барање бр.13/2024 од 10.09.2024 година, Ве известуваме дека по извршениот увид во кривично и граѓанско оделение преку АКМИС системот се утврди дека во Основниот суд Кичево, број на пресудени случаи поврзани со дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето за период од 01.01.2022 до 2023 година до 09.09.2024 година.

**Кривични предмети,**

-Вкупен број на пресудени случаи поврзани со дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност налицето за период од 01.01.2022 до 2023 година до 09.09.2024 година изнесува **8.**

-Пол и возраст на жртвите **мешани (машки, женски), возраст полнолетни,**

-Пол и возраст на сторителите-машки женски (машки, женски) **2 (две) малолетни** остантите полнолетни.

-Средства преку кој се проширени интимните фотографи и видеа и бројот на случаи за секој од средствата: социјални медиуми, апликации за приватни пораки, интернет страници за порнографија, други средства-Објавување преку социјални мрежи фесбуг инстаграм, тик ток, службен весник, Централен регистар и други.

-Број на случаи каде имало предходна врска/познавање меѓу сторителот и жртвата-1 (еден), **биле во лубовна врска.**

-Во однос на врската меѓу жртвата и сторителот, типот на врската(поединачно за секој тип врска): **поранешна интимна верска ДА,** моментална интимна врска, поранешна брачна заедница, историја на состаноци (излегување), живеење во исто соседство, други врски.

-Познати мотиви за пријавените случаи, **да им наштетат на угледот и честа.**

-Законска основа за донесување пресуда во случаите член **149 ст.1 од КЗ** на РСМ и број на случаи за секој член): Дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност: Нарушување на приватноста на кореспонденцијата и на компјутерските бази на податоци, Недозволено фотографирање и снимање, Вознемирување, Демнење, Дистрибуција на порнографија, Семејно насилство, Уцена, Полово вознемирување, Принуда, Екстоеција, Сексторција, итн.

-Вид на изречена санкција од судот за секој случај, **Пресуда со Казнен налог условна осуда и парична казна глоби од 30, 40, и 100 глоби .**

-Број на отфрлени случаји за дистрибиција на интимни фотографи и видеа без согласност за период од 01.01.2022 до 09.09.2024, **Нема.**

-Причини за отфрлање на случаи за дистрибуција на интимни фотографи и видеа безсогласност.**Нема.**

## Граѓански предмти

-Вкупен број на пресудени случаи поврзани со компензација на штета како резултат на дистрибуција на интимни фотографи и видеа без согласност за надоместок за период 01.01.2022 до 09.09.2024 година,

-Законска основа во пресудените случаи согласно член 114 од ЗКП.

-Побарувана штета материјална .

-Компензација на материјална штета согласно пресудата поединечно за секој случај.

-Отфрлени случаи за дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност за период од 01.01.2022 година:**НЕМА.**

-Причини за отфрлање на случаи за дистрибуција на интимни фотофрафии и видеа без согласност:**НЕМА.**

Со почит,

Службено лице за посредување
со информаци,
Kadri Xhelili